# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

**« Соработка во служба на локалната самоуправа »**

Децентрализирана соработка
Долна Нормандија / Македонија

# ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

# 2012-2013

**Септември 2012 година**

*Последно ажурирање во февруари 2013 година*

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ... 1
ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ ... 4
ПРЕДГОВОР ... 5
ВОВЕД ... 6
КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ... 7
ОСКА 1: НОВИ ТЕХНОЛОГИИ ... 10
Носител на проектот ... 10
Партнери во проектот ... 10
Цели ... 10
Активности ... 11
Временска рамка ... 13
АХЕ 2: МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ... 14
Носители на проектот ... 14
Партнери на проектот ... 14
Цели ... 14
Активности ... 15
Временска рамка ... 16
ОСКА 3: ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ... 17
Носители на проектот ... 17
Партнери на проектот ... 17
Цели ... 17
Временска рамка ... 17
ОСКА 4: КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ ... 18
Носители на проектот ... 18

Партнери на проектот ..... 18
Цели ..... 18
Временска рамка ..... 20
ОСКА 5: ТУРИЗАМ ..... 21
Носители на проектот ..... 21
Партнери на проектот ..... 21
Цели ..... 21
Временска рамка ..... 23
ОСКА 6: ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА ..... 24
Носител на проектот ..... 24
Партнери на проектот ..... 24
Цели ..... 24
Временска рамка ..... 27
ОСКА 7: ЧОВЕКОВИ ПРАВА ..... 28
Носител на проектот ..... 28
Партнери на проектот ..... 28
Цели ..... 28
Временска рамка ..... 30
СОРАБОТКА НА ГРАДОВИТЕ ..... 31

**Програма на активности за 2012 – 2013 година на децентрализираната соработка меѓу францускиот регион Долна Нормандија и Република Македонија**

**Овој плански документ, за периодот 2012-2013 година, е подготвен и ажуриран од страна на**
**Канцеларијата на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија во Скопје**
**Бул.„Партизански одреди" 15А 2/2, 1000 Скопје**

*Документот е достапен на француски и на македонски јазик*

# ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

| **АФДИ** | **Асоцијација на француски земјоделци и меѓународен развој** |
| --- | --- |
| **АЛДА** | Асоцијација на агенции за локална демократија |
| **ДН** | Долна Нормандија |
| **ЦИРа** | Центар за институционален развој |
| **ФФРМ** | Федерација на фармери од Република Македонија |
| **МК** | Македонија |
| **СЕГА** | Коалиција на младински организации |

# ПРЕДГОВОР

Во 2006 година, францускиот регион Долна Нормандија покажа иницијатива за соработка со Република Македонија. Се работи за иновативна соработка каде за прв пат еден француски регион соработува со држава. Проектот се темели на принципот на територијален пристап и ја истакнува потребата на овие две земји за динамична територијална соработка. Доброто локално управување е основата врз која, Регионалниот совет на Долна Нормандија директно соработува со македонското Министерство за локална самоуправа.

Иако оваа година е последна од вториот тригодишен циклус на проектот, тој најверојатно ќе продолжи уште три години (2013 – 2016 год.). Оваа соработка е финансиски поддржана од француското Министерство за надворешни работи и координирана од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА).

Главната цел за спроведување на програмата за децентрализирана соработка е воспоставување на активности за развој на локалната самоуправа преку различните актери кои дејствуваат во различни области како нови технологии, младински политики, културно наследство, земјоделски развој и човекови права. Програмата се стреми да придонесе во долгорочниот развој на Регионот Долна Нормандија и Република Македонија преку создавање на одржлива платформа за размена на искуства, отворање на нови погледи кон светот и откривање на нови хоризонти.


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

# ВОВЕД

Веќе 6 години, децентрализираната соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија јасно ја определува идејата за поддршка и придружување на процесот на локалната самоуправа. Во таа насока, оваа соработка која е во служба на локалната самоуправа ја поддржува регионалната и локалната димензија преку јакнење на капацитетите како во Македонија така и во Долна Нормандија. Единиците на локална самоуправа многу често се соочени со различни организациски проблеми и се доведени во прашање нивните способности за спроведување на регионалните и локалните политики. Оваа програма има за цел да го поттикне и поддржи менаџирањето на активностите за управување на територијалните политики на двете територии. Во текот на овие неколку години, програмата се обидува да даде конкретна форма на идејата за неопходна локална самоуправа и граѓанско учество во процесот на децентрализација. Целите определени со оваа програма се амбициозни и се темелат врз заеднички вредности како што е добро управување, почитување на човековите права и долгорочен развој.

Токму во тој правец се развиваше соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија. Денеска, заедничката соработка е обележана преку продлабочување на односите меѓу Долна Нормандија и Македонија, со што се овозможи одредување на нови области на соработка. Остварени се повеќе од 40 партнерства во граѓанскиот и јавниот сектор. Исто така се создадоа 7 соработки меѓу локалните единици од Долна Нормандија и Македонија. Овие партнерства поддржуваат проекти за локален развој на различни теми од културно наследство и култура до локален економски развој, туризам и млади.

Со програмата на активности ќе се овозможи попрецизно спроведување на активностите и поддршка на целите на соработката. Во нејзината изработка се водеше сметка за различните насоки дадени од страна на носителите на активностите во Долна Нормандија и Македонија. Со активностите се предвидува доближување до европското право во насока на интегрирање на европската легислатива. Со програмата на активности ќе се создаде солидна база за поголема европска интеграција и охрабрување на процесот на рамномерен регионален развој во Македонија.

Нивото на напредок на програмата на активности ќе зависи од вложените напори и постигнатите резултати од двете страни за остварување на заеднички воспоставените приоритети. Остварувањето на овој акционен план се должи на тесната соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Македонија, а истовремено претставува и гаранција за блиските односи меѓу двата региона.

Овој документ има за цел да ги претстави активностите за период од 12 месеци почнувајќи од октомври 2012 година до септември 2013 година. Во документот се вклучени: опис на активностите, носителите на проектите како и партнерите за соработка.

# КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

**Носител на проектот**

- Регионален совет на Долна Нормандија
- Министерство за локална самоуправа на Македонија

**Координатор на проектот**

- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)

## I. Следење и координација на проектот

### 1. Управен одбор

a. Средишен управен одбор во Македонија

*Дата : 16 април 2013 год.*
*Место: МК*

Средишниот управен одбор за македонските партнери ќе биде организиран со цел да се направи средишен биланс на активностите за 2012-2013 година.

b. Средишен управен одбор во Долна Нормандија

*Дата : 11 април 2013 год.*
*Место : ДН*

Средишниот управен одбор за француските партнери ќе биде организиран со цел да се направи средишен биланс на активностите за 2012-2013 година.

c. Завршен управен одбор во Македонија

*Дата : септември 2013 год.*
*Место : МК*

Завршниот управен одбор на програмата за соработка оваа година ќе се одржи во Македонија во септември 2013 год. Целта на оваа средба е да се престават активностите реализирани во текот на оваа година како и постигнатите резултати.

### 2. Работни посети

a. Работни посети во Македонија

*Дата: 26 -30 ноември 2012 год.*
*Место: Скопје, МК*

Во периодот од 26 до 30 ноември 2012 год., г-ца Одре Полмие, одговорна за соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија во Регионалниот совет на Долна Нормандија беше во посета во Македонија за подобро да ги запознае локалните активности и да оствари средби со македонските партнери од проектот. За време на посетата, таа ја имаше можноста да ја отвори конференцијата та тема "Младински политики за градот Скопје" која беше организирана во рамките на оската „Младински политики".

b. Работна посета во Македонија

*Дата: 4-7 декември 2012 год.*
*Место: Скопје*

Во периодот од 4 до 7 декември 2012 година, г-ѓа Билјана Зашова, генерален координатор на проекти во АЛДА беше во работна посета во Македонија. Посетата имаше за цел да се работи на административните прашања во канцеларијата на соработката во Скопје како и органиграмот и целите на вработените за оваа година. Покрај разгледувањето на техничките прашања посетата беше искористена за остварување на средби во Делегацијата на Европската унија во Скопје со цел да се разговара за можните идни соработки. За време на посетата беа остварени средби со француската амбасада во Скопје, директорот на Меѓународниот институт за човекови права и мир од Каен, кој беше во работна посета во Македонија и директорот на Фондацијата Метаморфозис со цел да се развијат можните активности во рамките на програмата Франција/Балканот.

c. Работна посета во Долна Нормандија

*Дата : 4-9 февруари 2013 год.*
*Место : ДН*

Г-ца Ивана Димитровска, директор на канцеларијата на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија во Скопје беше во работна посета во Долна Нормандија. Таа имаше средби со одговорните за програмата за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија во Регионалниот совет на Долна Нормандија и партнерите во програмата со цел да се подготват ориентациите за идните три години на соработката 2013 – 2016 год.

### 3. Официјални посети

a. Официјална посета во Македонија

*Дата : јуни/јули 2013 год.*
*Место : Охрид, МК*

За оваа година предвидена е официјална посета од страна на Регионот Долна Нормандија во Македонија за време на одржувањето на неделата на францускиот филмски фестивал во Охрид.

### 4. Активности за промоција на програмата

a. Денови на соработката Долна Нормандија/Македонија

*Дата: септември 2013 год.*
*Место : МК*

Имајќи во предвид дека оваа 2012-2013 година е завршна година од вториот тригодишен циклус на соработката, предвидено е да се организираат денови на соработката во Македонија посветени на остварените резултати во текот на ова тригодишно работење. Во текот на неколку денови ќе се организираат повеќе активности како што се: изложби, конференции, публикации, концерти, размена на млади итн. Завршниот управен одбор на

соработката ќе се одржи исто така во овој период. Настаните би се случувале во Скопје и во другите македонски градови кои се дел од програмата.

## II. <u>Институционална поддршка</u>

Создавање на работни групи.

# ОСКА 1: НОВИ ТЕХНОЛОГИИ

## Носител на проектот

- Метаморфозис (МК)
- Дирекција за територијален дигитален развој во Регионалниот совет на Долна Нормандија (ДН)

## Партнери во проектот

- Меѓународниот институт за човекови права и мир во Каен
- Министерство за информатичко општество и администрација во Македонија
- Општини заинтересирани за соработка: Дебар, Велес, Скопје
- Дигитални клубови во Долна Нормандија и Македонија
- Wikipedia - Македонија

## Цели

*Општи цели*

- Јакнење на капацитетите на локалната самоуправа во Долна Нормандија и Македонија;
- Користење на новите технологии за зголемување на граѓанската вклученост во процесот на одлучување и локалното управување;
- Создавање на услови за работа преку пристапот до јавен интернет.

*Специфични цели*

- Промоција на двете територии преку употреба на создадените wiki порталите;
- Подигање на детската свест за безбедноста на интернет и заштита на приватноста како и подобрување на информатичките способности за активно граѓанско учество на интернет;
- Развивање на програма за јакнење на капацитетите за е-учење во рамките на Метаморфозис;
- Јакнење на меѓународната мрежа за ИКТ и човекови права составена од организации, претпријатија, граѓани, локални власти кои ќе учествуваат во процесот на усвојување на јавните политики;
- Идентификување на дополнителни учесници од двете земји кои би биле канали за ширење на проектот како и развивање на нови идеи за идни соработки.

## Активности

### 1.1. Промоција на регионалните портали « wiki »

Се работи за промоција на Македонија и Долна Нормандија преку претпријатија, туристички и културни можности итн. Посебен акцент ќе биде ставен на проблематиката поврзана за мултиетничките општини во Македонија.

#### 1.1.1. Настани за промоција на порталите

*Дата : октомври 2012 – септември 2013 год.*
*Место : МК и ДН*

Во секоја од општините вклучени во програмата ќе биде организирана серија настани за промоција на порталите кои беа создадени во текот на 2012 година. Настаните ќе имаат за цел да ги поттикнат граѓаните да ги збогатат « wiki » порталите и да ги идентификуваат потребните обуки за начинот на употреба на овие портали и другите социјални мрежи со цел да ги промовираат своите општини.

Во Долна Нормандија, прирачникот за употреба на овие портали создаден од Метаморфозис и преведен на француски ќе биде поделен во локалните самоуправи преку Дигиталните клубови.

#### 1.1.2. Обуки за користење на « wiki » порталите

*Дата: октомври 2012 – септември 2013 год.*
*Место : МК*

4 обуки за користење на « wiki » порталите за различни целни групи ќе бидат организирани во секој плански регион во Македонија. Исти вакви обуки ќе бидат организирани и за останатите партнери во соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија со цел да се поттикне употребата на порталите во рамките на спроведувањето на нивните активности. Претпријатија, граѓански организации, локални самоуправи и други институции ќе бидат поканети да земат учество на обуките со цел да се поттикнат да ги користат овие портали.

### 1.2. Дигитален – кит /Образовна активност за електронската слобода на младите (приватност и слобода на изразување)

*Дата : јануари – септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Целта на активноста е да се развие, во текот на 2013 година, прва верзија од една образовна метода за заштита на приватноста и слобода на изразување на интернет.

Активноста се темели на едукација за човековите права од неформален аспект. Станува збор за секторски пристап: дигиталниот свет ограничен на специфичните основни права: слобода на изразување и право на приватност.

Оваа методологија треба да вклучи алатки и искуства и наменета е за младите (13 – 20 години). Истата би требало да може да се менува зависно од можната употреба според националниот, правниот и технолошкиот контекст и лесно да се вклучи во образовниот процес во училиштата, семинари итн. Оваа активност ќе биде реализирана во

партнерство со меѓународниот институт за човекови права и мир од Каен, кој е носител на оската „Човекови права“ во рамките на соработката.

### 1.3. Водич за е-учење

#### 1.3.1. Студиска посета во Долна Нормандија

*Дата : 17-18 февруари 2013 год*
*Место : ДН*

Како дел од активностите на тема дигиталните медиуми на Дирекцијата за дигитален развој на територијата на Регионалниот совет на Долна Нормандија, директорот на фондацијата Метаморфозис, Бардил Јашари замина на посета во Долна Нормандија на 17 и 18 јануари 2013 година.
Првиот ден од посетата беше одбележан со регионалниот семинар: Дигитални медиуми во Нормандија. На семинарот зедоа учество повеќе од 80 чинители кои работат со дигитални медиуми во Долна Нормандија. Тие дискутираа на различни теми како: користење на дигиталните технологии во здравството, дигиталната уметност, музиката, вработувањето, социјалните мрежи, културата, туризмот, хендикепот, информирање на младите, здруженија на граѓани, Европа; споделување на мобилни апликации: дигитални технологии и културни практики во мултимедијални библиотеки; користење на социјални мрежи. Бардил Јашари од Метаморфозис имаше свое излагање на семинарот на темата придружување на младите при користењето на социјалните мрежи. Тој ги претстави тековните и идните иницијативи на ова тема. Вечерта беше организирана средба на тема проекти за е-учење. Наредниот ден, господинот Јашари се сретна со неколку носители на проекти и чинители кои работат на обучување за користење на социјалните мрежи и тие дискутираа за проектите: „Образование за дигиталните технологии, „Акција за обучување за дигиталните слободи“ на Меѓународниот институт за човекови права и мир, проект за превенција од опасностите од интернет и социјалните мрежи, „Надзор на интернет“ на Јавниот дигитален простор од Шербур-Октевил.
Неисцрпната и секогаш актуелна тема за користење на социјалните мрежи и понатаму ќе остане приоритет помеѓу двата партнера кои соработуваат во рамките на децентрализираната соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија.

#### 1.3.2. Обука за е- демократија

*Дата : февруари - септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Започнување на модул за обуки за е-демократија наменета за локалните власти и граѓаните.

#### 1.3.3. Изработка на водич за е-учење

*Дата : февруари – септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Изработка на водич за развој на капацитетите за е-учење во рамките на Метамофозис со цел да се:

a. Разбере контекстот
b. Создаде заедница на корисници на е- учење
c. Изработи краткорочен план на активности за е-учење
d. Споредат потребите за јакнење на капацитетите со алатки и платформи за учење достапни на интернет
e. Изработи анализа за учењето на интернет
f. Изработи стратегија за спроведување на е-учење

#### 1.3.4. Создавање на платформа за делење на материјали и методи за е-учење во Македонија

*Дата : февруари – септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Создавање на платформа за делење на материјали и методи за е-учење во Македонија базирано на платформа предложена од страна на партнерите. Идејата е да се воспостават партнерства со заинтересираните институции во Македонија. Се очекува со активноста да се создаде база за развивање на е-учењето во рамките на Метаморфозис како и развивање на соодветни алатки и методи. Сите овие активности ќе се преточат во една пилот платформа за придружување на развојот на дигиталното учење.

### 1.4. Вмрежување

*Дата: февруари - септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Целта на оваа активност е да се документираат постоечките иницијативи,активностите и учесниците во Долна Нормандија и во Македонија, како и да се идентификуваат нови учесници во рамките на децентрализираната соработка. Предвидено е да се создаде карта со која ќе се визуализираат сите активности и би била едноставна алатка за разбирање и користење.

**<u>Временска рамка</u>**

| Активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Промоција на порталите « wiki » | | | | | | | | | | | | |
| 1.2. Дигитален – кит | | | | | | | | | | | | |
| 1.3. Водич за е-учење | | | | | | | | | | | | |
| 1.4. Вмрежување | | | | | | | | | | | | |

# АХЕ 2: МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

**Носители на проектот**

- Коалицијa на младински организации СЕГА – (МК)
- Европска куќа од Каен (ДН)

**Партнери на проектот**

- Град Скопје
- Француска амбасада (одделение за јазична соработка)
- Агенција за млади и спорт на Македонија
- Регионална дирекција за млади и спорт од Долна Нормандија
- Ректорат на академијата од Каен
- Образовна лига од Долна Нормандија

**Цели**

*Општи цели*

- Јакнење на способностите на чинителите од Долна Нормандија и Македонија за спроведување на одржливи и партиципативни младински политики;
- Зголемување на вклученоста на младите преку поттикнување на нивното вклучување во општествениот, економскиот и политичкиот развој во нивниот регион;
- Зацврстување на врските на соработка за подобро да се одговори на предизвикот на социјална и професионална вклученост преку креативни партнерски проекти.

*Специфични цели*

- Поттикнување на развојот и спроведувањето на локални младински проекти согласно со ориентациите дадени од Советот на Европа и дополнетата Повелба за младинско учество на локално и регионално ниво;
- Придонесување за учеството на младите во процесот на донесување на одлуки на регионално и локално ниво;
- Користење на знаењата на регионалните власти за граѓанско учество со цел да се помогне создавањето на локални иницијативи.

## Активности

### 2.1. Локални власти, политики за млади и Европа

#### 2.1.1. Конференција за младинските политики на Град Скопје

*Дата : 28 ноември 2012 год.*
*Место : Скопје*

Во рамките на децентрализираната соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија, Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Град Скопје, регионалниот совет на Долна Нормандија и Европска куќа од Каен го започнаа проектот „Создавање на локална младинска политика на град Скопје“. Во таа насока на 28 ноември 2012 година во Скопје беше организирана конференција на тема „Политика за млади за Град Скопје“. На конференцијата се дефинираше состојбата на младите и младинските политики на Град Скопје. Конференцијата беше официјално отворена од страна на градоначалникот на град Скопје, г. Коце Трајановски и г-ѓа Одре Полмие одговорна за соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија во Регионалниот совет на Долна Нормандија. На конференцијата присуствуваа претставници на институциите за младински политики, професори и ученици, претставници на граѓанскиот сектор и медиуми.

#### 2.1.2. Младински политики / работилница за меѓу општински практики

*Дата : јануари – јули 2013 год.*
*Место: ДХ и МК*

Територијалниот пристап води кон јакнење на капацитетите на чинителите на двете територии. Преку размена на практики меѓу општините им се овозможува на младите да најдат алатки и начини за развој на младинските политики.
Предвидени се неколку етапи. Во секоја општина која ќе биде вклучена во процесот ќе биде формира координативна група, фокус групи за потребите на младите (преку анкета спроведена на терен). Ќе се организираат работилници со цел да зајакнат способностите на локалните единици и граѓанските организации кои се заинтересирани за активно граѓанство и младинско учество. Би сакале да создадеме услови за јавна расправа на тема предизвиците на активното граѓанство со што би им дале можност на младите да дискутираат на теми од нивен интерес.

#### 2.1.3. Мрежа на чинители од областа на вработувањето и младинската вклученост

*Дата: април 2013 год.*
*Место: ДН*

Преку размена на искуства за начинот на водење на локалните политиките за млади и нивно спроведување со соодветна поддршка, се залагаме за зближување и кохерентност со територијална динамика.
Целта е спроведување на политички мерки за вработување на младите ги здружува политичарите и други директни чинители од двете територии. Во Франција, центрите за вработување и обука се расположливи инструменти за здружување на актерите од областа на политиката и вработувањето на меѓуопштинско ниво како: локалните самоуправи, јавните служби, социо-економски актери.


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

Во овие активности, ќе бидат вклучени Центрите за вработување и обука, но и локалните иницијативи (професионално и социјално интегрирање преку аналитичка работа за барањата и потребите на младите) од Долна Нормандија, а од Македонија ќе бидат вклучени: Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Центрите за регионален развој.
Целта е да се оди чекор напред во размислувањето за начинот на кој чинителите од Долна Нормандија и Македонија можат да придонесат кон заедничка стратегија и да спроведат заедничка територијална активност.

## Временска рамка

| Активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1. конференција за младински политики на град Скопје | | ■ | | | | | | | | | | |
| 2.1.2.Младински политики/работилница за меѓу општински практики | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| 2.1.3. Мрежа на чинители од областа на вработувањето и младинската вклученост | | | | | | | ■ | | | | | |

# ОСКА 3: ПОПИС НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

## Носители на проектот

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори (ФР)
- Асоцијација на градови од Македонија со архитектонско наследство (МК)

## Партнери на проектот

- Општина Велес, Штип, Берово, Куманово и Кратово

## Цели

- Претставување на пописот на културното наследство спроведуван во текот на две години во неколку македонски општини.

## Активности

### 3.1. Изложба на направениот попис на културно наследство во Македонија

*Дата : септември 2013 год.*
*Место: МК*

Предвидено е да се организира изложба на направениот попис на културно наследство во неколку македонски општини. Изложбата би била организирана од страна на координацијата на програмата со поддршка на двете организации носители на оската.

## Временска рамка

| **Активност** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1. Изложба | | | | | | | | | | | | ■ |

# ОСКА 4: КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ

**Носители на проектот**

- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата – Локомотива (МК)
- Областа Мон Сен Мишел (ДН)

**Партнери на проектот**

- Центар за развој на планскиот регион Пелагонија
- Општини од планскиот регион Пелагонија
- Организации и културни институции во Регионот Пелагонија

**Цели**

*Општи цели*

- Развивање на професионалните капацитети на локалните културни работници и на регионалната мрежа за култура со што ќе се придонесе за одржлив културен развој и за соработка меѓу општините и Регионот Пелагонија во Македонија од една страна и со Областа Мон Сен Мишел во Долна Нормандија од друга страна;
- Јакнење на локалното управување во доменот на културата и вклученоста на разни културни работници на меѓу општинско и меѓународно ниво;
- Анализирање на територијалните потреби на Регионот Долна Нормандија за да се создаде нов модел на локални или регионални културни политики.

*Специфични цели*

- Јакнење на регионалното и локалното управување преку продолжување на процесот за професионален развој и преку јакнење на капацитетите во рамките на одговорните одделенија за културни политики во општините и во Регионот Пелагонија;
- Развивање на структури, на процесот на одлучување и на активности поврзани со регионалната културна мрежа на Регионот Пелагонија;
- Финализирање на стратегијата за регионален културен развој на регионот Пелагонија и создавање на план на активности за наредното триенале;
- Идентификување на потребите на културните чинители во Областа Мон Сен Мишел во Долна Нормандија и развивање на методологија за работа која ќе ја подобри соработката меѓу постоечките културни институции и ќе овозможи подобро ширење на нивните производи меѓу граѓаните;
- Истакнување на стратешкото планирање и врмежувањето на двете територии и создавање на модели/активности за меѓуопштинска и директна меѓурегионална соработка на Регионот Пелагонија и Областа Мон Сен Мишел.

## Активности

### 4.1. Информативна средба за претставување на програмата во Областа Мон Сен Мишел

*Дата : февруари 2013 год*
*Место: ДН*

Администрацијата на Областа Мон Сен Мишел ќе организира информативна средба на која ќе присуствуваат претставници од културните институции од Областа како и од Локомотива и од Регионот Пелагонија кои ќе ги претстават позитивните резултати и методологијата на работа спроведени на локално ниво.

Спроведеното мапирање на културните институции во Областа Мон Сен Мишел ќе биде преставено на оваа информативна средба со цел да ги поттикне и мобилизира културните чинители и претставници од Областа Мон Сен Мишел кои би можеле да играат активна улога во наредната фаза на проектот. Овој настан ќе има за цел да им покаже дека доколку се вклучат би можеле да придонесат за подобар територијален развој и за создавање на стратегија и локални културни програми кои пак би можеле да се поврзат со стратегиите за млади и туризам.

### 4.2. Развој на регионалната културна мрежа во Пелагонија

*Дата:* Прва средба во април 2013 год., втора средба во јули/август 2013 год.
*Место : МК*

Регионалната културна мрежа на Пелагонија би требало да стане еден од најсилните мотори на регионалниот развој како и иницијатор на позитивни територијални програми и политики во доменот на културата. Заклучоците, препораките и работата на мрежата би требало да доведат до создавање на заеднички програми, локални политики и стратешки документи кои би послужиле како водичи на општините. Програмите кои се однесуваат на планскиот регион ќе бидат предложени и дискутирани за време на средбите на регионалниот совет на Регионот Пелагонија. На таков начин мрежата ќе добие политички легитимитет и ќе може да ги сподели или понуди, преку регионалниот совет и центарот за развој на планскиот регион Пелагонија, добрите практики на Министерството за локална самоуправа.

### 4.3. Јакнење на капацитетите во делот на образовен и културен туризам и развој на стратегија за вмрежување

*Дата : 4 денови во месецот април 2013 год.*
*Место : МК*

Реакциите на учесниците на двете работилници одржани во Битола, не натераа да сфатиме дека има недостаток и итна потреба за нивно професионално усовршување. Во таа насока ќе продолжиме и во наредните години на проектот со организирање на работилници и обуки. Предвидено е идната година да се организира неколку дневна работилница за општинските и културните претставници на Пелагонискиот регион на тема образовен и културен туризам и стратегија за вмрежување. Претставници од Областа Мон Сен Мишел ќе бидат исто така поканети да учествуваат на работилницата и да воспостават директни контакти со регионот Пелагонија како и да го престават своето искуство и територијалната туристичка мрежа. Присуството на претставниците од Долна

Нормандија ќе биде искористено за да се организира средба на регионалната културна мрежа.

### 4.4. Финализирање и публикација на Стратегијата за регионален развој на Пелагонија

*Дата: јуни 2013 год.*
*Место: МК*

Создавањето на Стратегијата за регионален развој на Регионот Пелагонија започна во 2011/2012 година и ќе биде завршена во текот на оваа 2013 година. Со стратегијата ќе се предложи една целина на добро дефинирани активности за наредните години на проектот и ќе ги зајакне капацитетите на културните работници и меѓуопштинската соработка како и соработката меѓу регионот Пелагонија и Областа Мон Сен Мишел. Ќе бидат понудени нови механизми за финансирање, ќе се иницира создавањето на нови културни политики и регионалниот културен развој ќе стане рамномерен и одржлив. Откако ќе биде завршена во јуни 2013 година, Стратегијата ќе биде објавена на француски и македонски јазик.

**Временска рамка**

| Активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1. Информативна средба | | | | | ■ | | | | | | | |
| 4.2. Развој на културната мрежа | | | | | | | ■ | | | ■ | ■ | |
| 4.3. Јакнење на капацитетите | | | | | | | ■ | | | | | |
| 4.4. Издавање на стратегијата | | | | | | | | | ■ | | | |


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

# ОСКА 5: ТУРИЗАМ

## Носители на проектот

- Центар за институционален развој - ЦИРа (МК)
- Областа Мон Сен Мишел (ДН)

## Партнери на проектот

- Центар за развој на Југозападниот регион
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот (МК)
- Општини од Долна Нормандија и Македонија

## Цели

*Општи цели*

- Подготвување и изработка на стратегија за развој на туризмот во Југозападниот регион на Македонија;
- Промовирање на понудите за локален туристички, економски, културен развој

*Специфични цели*

- Јакнење на капацитетите на општинските работници во 13 општини и во центарот за развој на Југозападниот плански регион со цела да се подготви и спроведе регионална стратегија за развој на локалниот туризам;
- Развивање на локални планови за развој на туризмот во Југозападниот плански регион;
- Овозможување на комуникација која ќе дозволи да се споделат особеностите на териториите и да се освојат туристите и локалните жителите.

## Активности

### 5.1. Развивање на курикулум за локалните планови и за регионалната стратегија за туризам

5.1.1. Развој на курикулумот на локално и регионално ниво

*Дата : октомври – декември 2012 година*
*Место : МК*

Целта на оваа активност е да се развие курикулум за локални програми и регионална стратегија за развој на туризмот.

5.1.2. Посета во Областа Мон Сан Мишел

*Дата : февруари 2013 година*
*Место : ДН*

Група на македонски експерти од областа на туризмот ќе биде во работна посета на

Долна Нормандија. Предвидени се повеќе средби со францускиот партнер.

### 5.2. Оценување на капацитетите, ресурсите и документацијата вообласта на туризмот

*Дата: октомври – ноември 2012 година*
*Место : МК*

Претходната година беше направена евалуација на капацитетите, изворите и на документација во доменот на туризмот, во 8 општини од Југозападниот регион. За оваа година предвидено е да се направи вакво оценување во 5 општини кои остануваат во овој регион.

### 5.3. Обука за развој на локални програми за развој на туризмот

*Дата : март - април 2013 година*
*Место : Југозападен регион*

По завршувањето на курикулумот, предвидена е обука за развој на локални програми за развиј на туризмот во Југозападниот плански регион. Учесници на обука ќе бидат претставници од 13 општини и од Центарот за развој на Југозападниот плански регион, на агенцијата за промоција на туризмот, ХОТАМ, министерство за локална самоуправа и други заинтересирани страни. Обуката ќе трае 3 дена.

### 5.4. Развој на локални и регионални стратегии за туризам

*Дата : март – јуни 2013 година*
*Место : Југозападен регион*

Во фазата на реализирање на локалните и регионалните стратегии за туризам предвидено е јакнење на капацитетите на територијалните чинители. За таа цел предвидена е посета на експерти од Долна Нормандија.

### 5.5. Завршна средба/публикација

*Дата : август 2013 година*
*Место : Југозападен регион*

Активностите во рамките на оската туризам „Туризам' оваа година ќе бидат завршени со публикација во која ќе се најде методологијата употребена за развој на стратегијата за туризам придружена со примери од Долна Нормандија. Партнерите ќе учествуваат на последните размени организирани во Југозападниот регион. По тој повод ќе биде организирана тркалезна маса за да се претстават резултатите.


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

## Временска рамка

| Активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.1. развој на курикулум | | | | | | | | | | | | |
| 5.1.2. Студиска посета | | | | | | | | | | | | |
| 5.2. Евалуација | | | | | | | | | | | | |
| 5.3. Обука | | | | | | | | | | | | |
| 5.4. Завршен настан | | | | | | | | | | | | |

# ОСКА 6: ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА

**Носител на проектот**

- Федерација на фармери на Република Македонија – ФФРМ (МК)
- Француски фармери и меѓународен развој - АФДИ (ДН)

**Партнери на проектот**

- IADK, Инцијатива за земјоделско развивање во Косово (Косово)
- Асоцијација на индивидуални фармери од Србија
- Асоцијација на фармери од Босна и Херцеговина (БиХ)
- Асоцијација на сточари од Албанија

**Цели**

*Општи цели*

- Зајакнување на капацитетите на земјоделските организации за одржлив економски развој;
- Земјоделските организации вклучени во овој проект се организации на производители, кооперативи со активности во различни области како: техничка опрема, употреба на заеднички материјали, комерцијализација.

*Специфични цели*

- Зајакнување на организациите и нивното функционирање (визија – стратегија, организација на услуги, човечки и финансиски средства);
- Обезбедување услуги на нивните членови (економски, технички, права);
- Јакнење на соработката во рамките на земјоделската мрежа на Балканот.

**Активности**

### 6.1. Работна посета во Македонија

*Дата: 18 – 20 февруари 2013 год.*
*Место: МК*

Двајца претставници на АФДИ беа во работна посета на Македонија со цел да ги организираат тековните активности заедно со ФФРМ како и да ги испланираат активностите за наредните три години на програмата за децентрализирана соработка меѓу Македонија и Долна Нормандија.

### 6.1.1.1. Работни групи за квалитетот на млеко

*Дата: октомври 2012 – септември 2013 година*
*Место: МК*

Во текот на оваа година, работната група за квалитетот на млекото ќе продолжи со својата работа. 5 состаноци ќе бидат организирани (ноември, јануари, февруари, април, јуни и август). На средбите групата ќе се сконцентрира на програмата на активности но и

за статистиката и правилата во доменот на одгледувањето, лобирање во институциите и млекарите за цените на млекото. Работната група ќе биде задолжена да го следи спроведувањето на активностите.

#### 6.1.1.2. Мисија во Македонија за поддршка на работната група

*Дата : јуни 2013 година*
*Место : МК*

Предвидена е посета на АФДИ во Македонија во месец јуни. Посетата има е со цел да се следи напредокот на работната група за квалитет на млекото и да се остварат средби со млеко производителите, како и да се направи едно оценување на постигнатите резултати во рамките на соработката. Посетата ќе овозможи директна комуникација со млеко производителите и фармерите.

#### 6.2.1.3. Обука за јакнење на капацитетите на млеко производителите и на еден техничар од ФФРМ за рентабилност на млечното производство

*Дата: ноември 2012 – мај 2013 година*
*Место: МК*

Практични обуки ќе бидат реализирани во 4 фарми во Македонија. Обуките ќе бидат спроведени од страна на експерти и професори во доменот на млеко производството во соработка со 4 млекари во регионот на Битола, Прилеп, Куманово и Тетово. Ќе се работи на теми на хигиена и квалитет на млеко. Предвидени се 12 работилници. Брошурата подготвена во септември 2012 година ќе биде поделена за време на овие обуки.

#### 6.1.1.4. Исхрана на стадата

*Дата : ноември 2012 – јули 2013 год.*
*Место : МК*

Недостатокот на фуражни растенија го лимитира и намалува квалитетот и количината на млекото. На таков начин директно се влијае на рентабилноста на млекото. Во текот на годината, работната група за квалитетот на млекото ќе го зголеми своето поле на дејствување вклучувајќи го производството на фуражни растенија. Членовите на групата предлагаат да се работи директно на терен, да се вршат испитувања и да се организира дебата. Доколку е потребно ФФРМ ќе консултира експерт кој ќе работи на терен заедно со земјоделците.

#### 6.1.2.1. Посета на млеко производителите на ФФРМ во Франција

*Дата: април 2013 год.*
*Место : ДН*

Посетата во Франција на претставниците на ФФРМ ќе има за цел да ги зајакне капацитетите на работната група за квалитет на млекото, но и на нивните познавања за одгледување на крави. Оваа посета ќе овозможи одржување на обука на еден техничар кок ќе биде задолжен да работи на терен заедно со фармерите. Учесници на оваа посета ќе бидат млекопроизводители, експерти и претставници на релевантни институции. И еден млад земјоделец ќе учествува во посетата со цел да се отворат нови можности за соработка.

### 6.1.2.2. Дебата за квалитетот на млекото

*Дата : јуни 2013 год.*
*Место : МК*

Оваа дебата ќе овозможи да се соберат сите актери од областа на млеко производството и релевантните институции со цел да се истакнат актуелните проблеми во делот на млеко производството како и да се претстават остварените резултати во рамките на овој проект. Ова ќе биде можност да се претстави пред публиката важноста од производство на квалитетно млеко и неговата хигиена. Оваа дебата ќе овозможи да се зајакната врските меѓи институциите со цел да се создаде квалитетно млечно производство.

### 6.2.2.4. Посета во Франција на техничари од Косово

*Дата : ноември 2012 год.*
*Место : Франција*

Во рамки на партнерството на Косовската иницијатива за земјоделски развој, АФДИ во ноември 2012 год. Организираше посета во Франција на тема биолошко земјоделство, обновливи енергии и организирање на земјоделците во асоцијација. Делегацијата учествуваше на конференцијата на тема „ рамномерност меѓу градовите и селата и предизвикот за исхрана“.

### 6.2.2.5. Посета во Косово на француските млекопроизводители

*Дата: април 2013 год.*
*Место: Косово*

Целта на посетата е да се работи на тема на подобрување на квалитетот на млеко производството како една заедничка тема на работа со Косово и Македонија. За време на посетата ќе се разменат добри практики за собирање на млеко.

### 6.2.2. Посета за размена на добри искуства во Косово

*Дата : јуни 2013 год.*
*Место: МК*

Оваа посета е традиционално организирана во соработка со косовската иницијатива за земјоделски развој, партнер на АФДИ.

## Временска рамка

| Активност | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1. Посета во Македонија | | | | | ■ | | | | | | | |
| 6.1.1.1 Работна група за квалитет на млекото | | | | ■ | ■ | | ■ | | ■ | | ■ | |
| 6.1.1.2 Посета на француските фармери во Македонија | | | | | | | | | ■ | | | |
| 6.1.1.3 Обука | | ■ | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | | | | |
| 6.1.1.4 Исхрана на стадата | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | |
| 6.1.2.1 Посета во Франција | | | | | | | ■ | | | | | |
| 6.1.2.2 Трибина за квалитетот на млекото | | | | | | | | | ■ | | | |
| 6.1.2.3. Посета во Франција на техничари од Косово | | ■ | | | | | | | | | | |
| 6.2.1 Студиска посета во Косово | | ■ | | | | | | ■ | ■ | | | |

# ОСКА 7: ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## Носител на проектот

- Меѓународен институт за човекови права и мир од Каен (ДН)

## Партнери на проектот

- Амбасада на Франција во Скопје
- Фондација Метаморфозис
- Правен факултет од Каен
- Правен факултет од Скопје

## Цели

*Општи цели*

- Човековите права се трансверзални активности на останатите оски на соработката;

*Специфични цели*

- Развивање за едукација за почитување на човековите права, приватноста и слободното изразување на интернет;
- Поддржување на неформалното образование на младите за човекови права.

## Активности

### 7.1. Семинар за споредба на македонскиот и францускиот правен систем

*Дата : 21 февруари 2013 год.*
*Место: Скопје*

Француската амбасада во Скопје и Меѓународниот институт за човекови права и мир од Каен, во партнерство со програмата за децентрализирана соработка меѓу Македонија и Долна Нормандија, Правниот факултет од Каен и Правниот факултет од Скопје, организираа на 21 февруари 2013 година семинар за споредба на македонскиот и францускиот правен систем за првата на работниците. За време на семинарот беа покренати прашања за договорите за работа, односите меѓу работодавачот и вработените, мониторингот, дискриминацијата на работното место. Впечатоците од семинарот беа позитивни, а учесниците и публиката сметаат дека ова е навистина важен чекор напред кон усогласување на македонскиот правен систем кон европските норми и се задоволни од оваа иницијатива и структурирана размена која се надеваат ќе продолжи се развива и во иднина.

Настанот кој ќе има свое продолжение во октомври 2013 година, беше поддржан од Амбасадата на Франција во Македонија во соработка со Правниот факултет од Каен и Правниот факултет од Скопје, а ја следи динамиката на двонасочни размени што се одвиваат во рамките на децентрализираната соработка меѓу Долна Нормандија и

Македонија. Институтот за човекови права и мир од Каен е партнер на неколку македонски организации во рамките на децентрализираната соработка со кои активно соработува на темата човекови права.

### 7.2. Дигитален кит – Активност за едукација за дигиталните слободи на младите *(види оска 1, активност 1.1.)*

*Дата: јануари - септември 2013 год.*
*Место : ДН и МК*

Целата на оваа активност е да се развие во текот на 2013 година прва верзија на една образовна метода за почитување на приватноста и слободата на изразувањето на интернет. Педагошкиот столб на кој е поткрепена оваа активност е едукацијата за човековите права од неформален аспект. Оваа метода би требало да вклучи алатки и формални искуства. Таа ќе биде наменета за младите на возраст од 13 до 20 години. Активноста ќе биде реализирана заеднички со Фондацијата Метаморфозис носител на оска 1 од програмата за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија.

### 7.3. Летна школа на мирот 2013 година „ Градот како место на мирот“

*Дата : јули 2013 година*
*Место: Каен, ДН*

Меѓународниот институт за човекови права и мир од Каен, организира од 2009 година летна школа под насловот „Школа на мирот“. На школата присуствуваат околу 45 студентите од 13 различни земји на различни теми поврзани со човековите права. За оваа 2013 година темата на школата ќе биде „Градот како место на мирот“. Во рамките на оската Човекови права ќе биде поддржано учеството на неколку македонски учесници и говорители на оваа летна школа.

### 7.4. Соработка со Француска амбасада / обука на адвокатите во Македонија

*Дата: 2013 год.*
*Место: МК*

Оваа соработка започна во 2012 година и веќе неколку обуки, во договор со Француската амбасада во Скопје, за македонските адвокати беа одржани. Во таа насока ќе продолжат и активностите предвидени за оваа година.

.

## Временска рамка

| **Активност** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.1. Семинар | | | | | | | | | | | | |
| 7.2. Електронски кит | | | | | | | | | | | | |
| 7.3. Летна школа | | | | | | | | | | | | |
| 7.4. Обуки за адвокатите | | | | | | | | | | | | |


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

# СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАДОВИТЕ

## Чинители

- Организација Солидарни хоризонти
- Канцеларија на соработката во Скопје
- Во соработка со Регионалниот совет од Долна Нормандија и АЛДА

## Цели

*Општи цели*

- Поттикнување на соработката меѓу локалните самоуправи од Македонија и Долна Нормандија;
- Промовирање на рамени меѓу локалните самоуправи од Македонија и Долна Нормандија;
- Поддржување на мрежата и на размената на добрите практики меѓу општините вклучени во соработката.

*Специфични цели*

- Поддржување на постоечките соработки со цел да се промовираат подобри размени;
- Координирање на мрежата и размената на добри практики во работните групи;
- Промовирање на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија;
- Придонесување за подобро разбирање на двете територии;
- Јакнење на постоечките соработки преку европски проекти;
- Поттикнување на новите контакти/соработки меѓу локалните самоуправи од Македонија и Долна Нормандија.

a. Средба на општините од Долна Нормандија

*Дата : 4 декември 2012 год.*
*Место: Каен. ДН*

На 4 декември 2012 година беше одржана втора средба на општините од Долна Нормандија кои соработуваат со македонски општини. Средбата имаше за цел да се претстават последните активности на Регионот Долна Нормандија во Република Македонија како и активностите меѓу градовите вклучени во соработката. Беше одлучено да се изработи водич на соработката кој ќе ги групира сите контакти.


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org

## Општини вклучени во соработката

### 1. Каен/Охрид

➢ Посета во Охрид
*Дата : 18 јануари 2013 год.*
*Место : Охрид*

Делегација од Каен беше во посета на Охрид на 18 јануари 2013 година со цел да ги развијат заедничките полиња на соработка, особено култура и културно наследство. Во текот на 2013 година вработени во одделот за урбанизам во Општина Охрид ќе бидат во посета на Каен за да разменат со нивните тамошни колеги и да воспостават акционен план.

### 2. Ливаро/Берово

➢ Посета во Берово
*Дата: прва половина на 2013 год.*
*Место : Берово*

Во текот на првата половина на 2013 година ќе биде организирана посета во Берово со цел да се работи на прашањето за управување со отпад.

➢ Посета во Берово
*Дата: 13-17 мај 2013 год.*
*Место: Берово*

Основци од Ливаро ќе бидат во Посета на Берово во мај 2013 год, во рамките на размените помеѓу општинските основни училишта веќе воспоставени благодарение на видео конференциите и употребата на Новите технологии. Во срцето на соработката меѓу Ливаро и Берово се новите технологии и околу нив се организирани бројни активности.

### 3. Шербур/Велес

➢ Посета во Велес

*Дата : прва половина на 2013 год.*
*Место: Велес*

Во рамки на работната група за управување со отпад, еден техничар од одделот за урбанизам во Шербур ќе биде во посета на Велес во првата половина на 2013 година.

➢ Посета во Шербур
*Дата: втора половина на 2013 год.*
*Место : Шербург, ДН*

Делегација од Велес ќе биде во посета на Шербург за да се изработи акционен план за културно наследство. Во 2012 година беше покрената иницијативата за заедничко организирање на првите европски денови на културно наследство во Македонија во

Велес, меѓутоа поради отсуство на одговорно лице во Шербур проектот беше стопиран. Истиот би можел да биде спроведен во 2014 година.

4. **Ерманвил/Вевчани**

- Посета во Ерманвил

*Дата : март 2013 год.*
*Место : Ерманвил, ДН*

Делегација од Вевчани ќе биде во посета на Ерманвил во март 2013 година за да се изработи акционен план на тема заштита на културно наследство.

5. **Флери/Карпош**

- Посета во Флери

*Дата : 16-18 декември 2012 год.*
*Место : Флери, ДН*

Од 16 до 18 декември 2012 година, делегација од општина Карпош беше во посета на Флери, Долна Нормандија. Оваа посета беше можност да се дефинираат 4 големи теми на кои ќе се базира соработката: млади, култура, економски развој, животна средина.

6. **Иф/Дебар**

- Рамена на млади – Европски волонтер

*Дата : август 2013 год.*
*Место: ИФ, ДН*

Градот Иф оваа година ќе организира размена на млади заедно со Дебар и Петрич од Бугарија на тема Европско граѓанство и животна средина. Млади на возраст од 15 до 18 години ќе поминат заедно една недела во Мервил-Франсевил со цел да изработат програма за нивните идни активности.
Во 2012 година, за време на посетата на младите од Иф во Дебар беше изработен прввиот филм. Истото искуство ќе биде повторено и во 2013 година благодарение на кофинансирањето од страна европската програма Млади во акција.
Градот Иф исто така сака да прими млад европски волонтер од Дебар во текот на 2013 год.

7. **Вистерам/Струга**

Вистреам и Струга заеднички соработуваат на теми за туризам и управување со отпад како битни теми за економскиот и туристичкиот развој на Македонија. Досега се направија неколку размени за процесот на управување со отпад и заштита на животната средина.

8. **Сен Жам/Крушево**

Соработката меѓу двете општини се соочува со проблеми поради лимитираните човечки и финансиски ресурси. Веќе неколку размени меѓу двете општини беа остварени.


Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. „партизански одреди', 15А 2/2, 1000 Скопје
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org